# Некои луѓе од племињата Укл или Урејна дојдоа во Медина

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Некои луѓе од племињата Укл или Урејна дојдоа во Медина, но климата не им одговараше, па се разболеа. Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, им нареди да одат кај камилите што ѝ припаѓале на државната каса и да пијат од нивното млеко и урина. Тие отидоа и оздравеа. Но кога закрепнаа, го убија пастирот на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ги украдоа камилите и избегаа. Веста за тоа стигна до Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рано наутро, па тој испрати луѓе по нив. До пладне беа фатени и доведени назад. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, нареди да им бидат отсечени рацете и нозете, да им бидат извадени очите, и да бидат фрлени на каменита земја – жедни, и никој не им даваше вода. Ебу Килабе рекол: „Овие луѓе – украдоа, убија, отпаднаа од верата откако го примија ислам, и му објавија војна на Аллах и на Неговиот пратеник.“
[صحيح] [متفق عليه]

Некои мажи од племињата Укл и Урејна дошле кај Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како муслимани. Се разболеле и ги снашла болест од која им се надуле стомаците, па им станало тешко да престојуваат во Медина – бидејќи не им одговарале нејзината клима и храна. Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, им наредил да одат кај камилите што ѝ припаѓале на државната каса и да пијат од нивното млеко и урина. Тие отишле, оздравеле, се здебелиле и им се вратил природниот изглед. Но откако закрепнале, го убиле пастирот на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и ги украле камилите. Веста за тоа стигнала до Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рано наутро, па испратил луѓе по нив. До пладне биле фатени и доведени назад како заробеници. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, наредил да им бидат отсечени рацете и нозете, да им бидат извадени очите – бидејќи истото му го направиле на пастирот – и да бидат фрлени на каменитата земја, каде што барале вода, но никој не им давал, сè додека не умреле. Ебу Килабе рекол: „Овие луѓе – украдоа, убија, отпаднаа од верата откако го прифатија исламот, и му објавија војна на Аллах и на Неговиот пратеник.“

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee